авраМ садикарио

# ЗАМЛЪКНАТАТА ПРАВДИНА

АВРАМ САДИКАРИО

# ЗАМОЛКНАТА ПРАВДИНА

СКОПЈЕ, 1987

Аврам Садикарио
ЗАМОЛКНАТА ПРАВДИНА

Издание на авторот

Коректура: Благоја Гагалевски

Техничко уредување и корица
Ацо Филиповски

Печат:

Графички завод
„Гоце Делчев“ — Скопје

Тираж: 300 примероци

*На сите прегалци во долговековната*
*еврејска историја*
*На шесте милјони Евреи-жртви*
*во Втората световна војна*
*На сите што пружале отпор*

## *ГРЕВ ПРВИ*

И виде Ева да е стеблото добро за јадење Го обра плодот Го поеде И на мажот му даде

Постанок 3:6

*во тесно 'ржење нападна по рудите зовни*
*должноста му виела молскавично*
*нападна од темничина дела — отподно*
*напладне од цврсти вимиња навлегувал*
*по самозовноста матен поглед откривал*
*делче по делче ѕеб откршувал од голата полемика*

*таа го откртувала без доста од пустинските мравки*
*тој ја множел од уздите со немирно дишење*
*таа го откупувала од ѕвездениот прав*
*низ последни конци чад го протнувала*
*за две суви рубии го раскажувала жилка по жилка*
*додека разгрнета првожителка офкала*

*отмено го сместувала на недре на здив чист*
*и не го отнувала од себе колвајки го млечесто*
*дарувајќи го со две првенчиња палави*
*кои пекале и ѕебкале по сончевите ридиња*

*кога господ ги изгони од рајот*
*помни ли тој што жолчно добе касал од згоде*
*наежена ли била појката му кога ѝ го отпетлувал*
*сончаникот зад стоте сребрени солзи*

*намножена ли била зимоздивната капка*
*кога ја отпивал гневната снага*
*ветена на неговата прекучудена дланка*

## *НОАХ*

> Петнаесет лакти се надигнале водите над потопените планини
>
> Постанок 7:20

*повтеж низ поморија озвездена крои небца*
*крши окца — подарува на Ноах сува лебца*
*поземува низ урвишта*
*омарнина од голи ломишта*
*невреме крева на боришта корења*
*мој див штурецу*
*што ме од полноќните опништа дигаш*
*на нозе во огница*
*па ме клекум поставаш да приберам лузни*
*гледајќи — водите се дигаат над зверовите*
*стоката луѓето — до сè што беше на земјата узди*

*отеченоста на височинскиот воздух*
*прегрнува задув на осилни доби*
*грешни доби што очниот песок глоби во аманет*
*под олку гнет устивусти безвремено густи*
*на четрдесете денонокишта потопни водишта*

*длабинскиот јазик кога во пештере навлегува*
*сврдлесто потопува длабни соларници*
*со толку трпкавици на поразените дланки*
*мој див штурецу*
*дигај пукотки онесвестени и чисти*

*и чести врколки низ гледните порти*
*што коработ јачка усмено и тунелот миже уснесто*
*докај од ергела трпки се креваат офки*
*сè во едно добе издолжено како одмазда задолжен.*
*средишно поставено да толкува стрништа*
*на мигови оведени набои — мој див штурецу*
*што ме остави единец да продолжам ѕебец*
*сред градните мајалници да раздолжам лисец*

## *АВРАМ*

**Неа ќе ја благословам и од неа ќе имаш син**

**Постанок 17:16**

*отаде ќе молзеш со Сара дивина*
*разменета болина на врв распната оскомина*
*со неа долг живот на милозливи сокови*

*ќе можам ли да ги колнам мразестите огнови*

*каде да те ѕвездум сместам на рида сува*
*каде ребрум да стемнам шум стрвен за чедо*
*што небум да сторам адетот да го наденам*
*на парче леб и сол и збор расцутен*

*ако прецутен миг сокрив ѕвонум по градите*
*ако душата зо склопецот сви древни олтари*
*ако собра по плажите на воскресот бели обијачи*
*тоа беа палачи за брзосневно свадбарење*

*и сринато има свој дом*
*и заседното сочинува бела болка за пород*
*а брзогневното не помни што моли*

*снагата замижана под солзи поривни*
*подари ни чедо*
*дека ме оддумиле друмските солзи*

*дојдов ова корче ридина да те превземам*
*од накострешена печина да те одземам*

*и пустината има свој дом*
*и јас свои изгубени очи*

*подари ни господи чедо*

## *ЛОТ*

*со обсени на котли кога нацрпувал зрели млека*
*го пекал на белите врани лележот*
*сред необрани бостани на Содом гровтежот*
*сето му некрстено дело на крчме надојдено*
*тропа задскривено очајникот*
*бие од врзопот на верникот*
*вие со отподни очи моленикот*
*множи отпаднати ноздри на бездни*
*искорчува со незнана знака и бујата зрака*
*снага отпишана од кртовите на злоста*

*ништо не остана у праведника*
*избега Лот со породот кога испрска создателот*
*Содом и Гомора со огни сумпорни до пепела*

*така младата армада со града побунета*
*ја дигна заблудата на луд степен —*
*кинежот ги несовладал нозете нацрпени со брани*
*на врл предел — кај жената на Лот била*
*кога пукна мрачеата во Соар[1]) не била*
*зашто се загледа во пожарите на Содом — со Лот не била*
*создателот ја пресоздаде во столби од сол*

*и остана Лот со две ќерки блудни*
*и без жена луда*

*да ми е да знам која била*
*во која се блада свила*
*што биела од бујата снага нареметена била*
*помеѓу моето сјојдување од биднината*
*и нејзиното битисување под немина зрака*

[1]) Соар — градче блиску до Содом кај се сокрил Лот со ќерките

## *ЌЕРКИТЕ НА ЛОТ*

Така обете ќерки на Лот легнале со татка постарата роди син Моаб — прататко на Моабците помладата роди син Бен Ами — прататко на Амонците

Постанок 19:37, 38

*зајагулена едната зајатувала неизброј пориви*
*надрочена сојлијка ја сушела плунката во завиви*
*од ѕеб запаликуќа*

*од зер сајбијка на збирни солзи другата ги предавала*
*збуените солзи од недрата*
*корзирајќи ги опеаните млека*
*по дланките океанети на татка*

*тој од заканети племиња опианет*
*праќал ересни втресови*
*и други збуени гласови по бедрата озборувани*
*како молители до немајкаде неприбрани во калта*
*на отровните плодки*
*од збоговните полутинки што цивкале*
*ковчици на вероломни ноти*
*загунгулени поти од страотни сорти*

*и роди инцес два народа остри*
*зашто браздите на озарените пророчици*
*не биле изорани во ситни залчиња*
*не биле средбарутно примени начисто*
*од чесните врења неочистени*
*од премрежните офкања — неокаени*

## ДИНА[1]

присвојка ти огнегојка од ламбените гудала војка
Дина ќерка на Леа со реки слани наконтена болеа
те носи секојденоста заплимена и до Шехема[2]
дека од гола тиња си поука

белки од озон здивка те поземува по одлука
на дивјакот ништогледен ништозборен

глас на денот див вопреки милувните симболи
здив против здивот кај ти сокрвцата вие
судба од невреме бие симнати камбани
од кресги што ги заматиле плимните животеци

падна Дина придобивка на кутнати мегдани
со еден стрвум и многу пагани зад ребрата

надрочи се Шехему од невладеење со своите жилки
жлездите ти недоимани билки по тропските зулуми
влакнестите 'ртови ни време имат ни ден
ни сон под кожата на кревките островчиња
некаде по бедрестите кошници сместени
изглодани ковчици без име на жегалци

и што пена врена се фетиш предизвици
од похотниот екватор зададени облици
на дремеж меѓу поривните пласти —
и што кондор мери па накачен гнети
под трошните фути на мирни еребици
по уките на нагонските вршници

и би неправда по земја кенаанска
се подигаше јаковлеви синови и поклаше
цело Хаморово[3] племе за Шехеме греха

и би недобе по земја кенаанска
се намножи страва и омраз — пораз би
потомство образ врени за нечина дела

---

1) Дина — ќерка на Јаков и Леа
2) Шехем — Син на Хамор
3) Хамор — поглавар на едно племе во соседството на Јаковјевата земја

## *МОШЕ*

*гол врлец*
*сурово дишење и одмазда*
*вечноста му ги создава трњата во бовча ружи*
*со ѕун на десет макот*[1]
*непрозвано вметнува кавга на фараон*
*први на здробени прангии ѕвон*
*— од десете заповеди чука ли чука неговото зовно*

*добрината му гребе од видот од соковите од здивот*
*тој е — од дивот оглавите*
*од дното дно на длетата дно миже — напаѓа*
*со душата во сач на заветната плоча*
*ги убива предавниците*
*од миг паралага ги растурува на чедните пени пејзажите*
*по чудотворната торба влечка*
*печати на судбинската редба*

*кај ли ги вметнува трпките на пустинските полиња*
*кој ли ги раздвои морските води на избавот*
*со чуднотворниот стап*
*која маана остави трага во бескваснiот леб за Песах*
*кои недоветни покази ги прозва творби*
*пред каменување извлече вода од пештери*
*жилките по жилките сочни робовите му ги вжилиле*

*и постави судци*
*нијамети ги сетиле врлеци*
*зошто непрозван голец растрчан олку*
*и волку по голетите на кричните аманети*
*за грош немања да разигра врлетии*
*до ниѕедни безветрини на гневната душа*
*да еден од „мете мидбар“*[2] *биде во синајската суша*

---

[1]) макот — напасти, казни божји
[2]) мете мидбар — тие што умреле во пустината

## *НА ПРЕМИН*

а Израелците одеа по суво насред море а водите им стоеле како ѕидови лево и десно

Излегвање 14:29

*на премин преку водите од животворни фитили беа*
*од минливи сокови пиркаа со пеколни бокови*

*сета власт на пареата*

*надежот и тој од утрини со лутини*
*набаре стокмен да прибере прашници*
*без договор со пелинот фурни*
*кои ги пикаа манливите фурии*
*по ридињата пукнати за ересни кавги*

*а стравот и тој од молини до вревини*
*кога со плукнати болини чадувале*
*од недотек зернини за омравени буџаци*

*едни локомотивеле усни за благдените*
*кои ги воделе сред водите со млазни гласчиња*
*други од мазни ритчиња чинеле караници*
*по слабините по мевот*
*по злините на змевот вјавнат*
*со повоите на гроздиштата*

*едни смукале црвеникави дамки*
*други мургави фелки разбудени*
*што страсната им глутница ги поарчила*
*сите им лакоми здивки*

*непоследните гравушки тие*
*на преминот кревале навамунатаму*
*оживувани полемики на избавот*

## *МААНА*

*цивка ли цивка скараниот со себе крт*
*луњите се обични но трпките буричкаат*
*по матните дна на утрата кога ти идам пустино*
*по дувлата и нежноста е време дивјачко*
*да громи потежот од она бреме јавачко*
*поживеј ми од мозаик поти по неситоста*

*поживеј ми и во маана се зари задгробино*
*трчајжелно ги предавај прелестите*
*од неукост тагува страсниот благослов*
*јати се да огладнат смачканите ружи*
*по недрата на виновните дланки*
*за сите маки и славја ако си плодка врла*

*ако ѕверка сонува мир прегрната со дините*
*и каде од ова невидливо живо па ведосано*
*ако пустиносвидност зари срцескрито од невек до зарек*
*и што со оваа виновна прав нè прима*
*ако загледите и забни и непоразени*
*и што со непогодите чкрипат нервите за уште*

*уште добе стрвно и гладно и сетно*
*цивка ли цивка скараниот со себе крт*
*за сите маки и славја ако си плодка врла*
*и мене ме нема во пластја од страсна маана*
*ако лелекат дамарите за матни фенери*
*што метеори во сетни ореоли на сува орница паѓаат*

## *ОД ПРВАТА ЗАПОВЕД*

*и дрочишта ови со кои спотеруваш варвари*
*и огнари што ти се безверно крстат*
*и тие од кртот невладари*
*со своите шапи крести жилки*
*диви показалци ќе ти бидат*
*олутени нозе — крда без стопани*

*што оти од немоќ јачки ќе делиш скрстени очи*
*од саноќ перки ќе забуцуваш глутници*
*едендоеден пастув ќе ти озвездува воздух чист*
*по некрстените мигови на страста*
*од савласт го меркај небето го жежи небцето*
*го испарувај уздето на чувениот вјавач*

*еднаш и потем потоа од тие жртвеници пени ќе мериш*
*бога ќе меркаш веѓи ќе корнеш*
*— не бегај од мене*
*паразитските дланки со изгубена азбука*
*во ситно жарје ќе те поземуваат*
*од сисвети на поука ќе те раздаруваат*

*и да не е она симнато по тебе ребре*
*ни видела би имал ни уста ноздри јазик*
*не би ти пердувите биле оскубени од рода прва*
*неби ги чул гласовите стрвни од средомлек*
*и не би се вљубил занавек во уздите*
*нареметени од оргулите*

## *ЖРТВЕНИЦИ*

> Не прави идоли од сребро ниту идоли од злато сочини жртвеник од земја и на него ми принеси жртви
>
> Излегување 20:23, 24

*не ќелава одминатост*
*не думани од гојни слова на славја во отпаднатост*
*не зени само да се заглават*
*дури имаш само едно окце*
*по мене само едно сувосано непце*
*и едно доедно само корави лебце*
*одземено од устенцата*

*еве ти корен на воздржан миг*
*восторжен по миговите на сокрвцата*
*со одрани крилца*

*еве ти лилјак свиен по ноќните ми недра*
*по мирисот на дланките на длабките*
*на лактите ти одземени од мојот булук*

*на врлја ме фрли — сочини ме жртвеник од земја*
*дуовите побунети*
*да се заглави бршленот по бедрата*
*одненадеж без кров*
*уплашен уплашени од ноздрите на ларвите*
*заскитани меѓу свеќите на голите лета*

*лета господови и злосни*
*лета посакливи како остри соколи*
*подадени на милоздивно колвење*
*тргајќи едно по едно молитвено копче*
*од постиланите злобчиња во претање*

## *ДЕВОРА*

во тоа време на Израелците им судеше пророчицата Девора

Судии 4:4

*завивала*
*сето судно од плеќите ѝ скакало*
*трески полни дланки полни мамки*
*сето во докажување судиски мишки*
*правила за осудбинување*

*задскривала веднати огнила*
*го храбрела Барака[1] со божествени бодила*
*од јазикот му го бришела зијанот*
*зулумот го збратимила со него*
*да му јачка заканети пуполи*
*против Систра[2] војсководец корав*

*сè што му доделувала го збрливувала*
*од страотните ридиња свои го сувосувала*
*небили зажарените ѝ ѓулиња од предницата*
*предизвикале цивкање за вода*

*душманите под ларвите*
*уплавосани од собствените жадувања*
*не се вјуначувале веќе напоштип*
*бегајќи од ѕвездените поилишта напоскок*
*завјасале зрачки лудо острвени да паднат*
*и загина сета војска на Систра в'небиднина*
*тој сам во рацете на Јаел[3] падна*
*цедејќи ја несмел својата жеднина*

---

1) Барак — израелски војсководец по време на судејството на Девора
2) Систра — војсководец канаански непријател на Израелците
3) Јаел — јунакиња која го уби Систра

## *ЈАЕЛ*

таа со млеко го напои Систра и пакн го покри
...тврдо заспа... клин му заби во слепоочници

Судии 4:19, 21

*му чекани дај освен чекутинки*
*освен пијавки себе и други буѓинки в'ребре*
*со растворена здивка да легне*
*див расторен*

*колвица го прегрнуваш*
*дамна ѕебка во заби го имаш*
*го примаш во соголени пасишта*
*молзни поснопишта му дај*
*од крични млека да заспие*
*од голтака да не отстапи по сто му дивјака*

*му наежени удини принеси крилесто описменети*
*на тврда рида мртвено да рипка*
*и рика и рие меѓу озлобените глушини*
*со коприви во ноздрите да копа*
*на пат тесен за вечно да падне*

*мравите ти се озвездиле пизми*
*усните ти без исклучок визби*
*руди му раздарни дај да растворат палач*
*и не мрда од сувосаните од омраз вилици*
*кај ситните крици ти надојдуваат*
*без договор со урнатиот вјавач*

*до сена ека во продолжувања ќе те спомнат*
*вечиташите на сложните запови*
*во длабна века со недоброења ќе те имаат*
*врларите по срутените оглави*

## *ГИДЕОН*

Со оние тристотини кои пиеле вода од рака... ќе ви ги предавам Медијанците на раце...

Судији 7:7

три чети засвираа во рогови и ги разбивале грнците... Медијанците тргнаа да бегаат...

Судии 7:21

*рода горлива на горделив врв*
*со него скрдени сетила на безкуќен рог*
*под него чешмите ги преполниле врлините на Гидеон*

*тој би од случајот на издолжените дланки соблекувал*
*уплавосани леќи без милост*
*врелата по стресот по задувот би натежнал*
*врз бачилата на божјите сили*
*на душманот да му понестанат елементарните рили*

*не — и што ќе би од билата на отпуштениот крдар*
*барабар ситното жарје во усните*
*и што не би бладје од празничните свеќи растурувал*
*небили дојни лаќи подметнал да горат*
*со нагонски карвани по падините на смртта*

*би — и во калиштата на страсните 'ртови*
*би калемил продолжителни кртови*
*со оние тристотини кои пиеле вода од рака*
*би пресадил мака на поразени бувови*
*острвени да прераскажуваат паѓање*

*кога три чети ќе засвират во рогови*
*би жилавите ореоли на Гидеон*
*дозори во очаен колвеж ѕвон*
*по срцевината на исплашените гравушки*

## *ШИМШОН*

напипа Шимшон два средна столба... и ја сруши зградата над кнезовите и сиот народ

Судии 17:29, 30

*чекам од бели чекани безизлезно да навалам*
*тука ли е тој божизнак на ѕвездените ми плини*
*дива утрина ме сака уште од првиот подој*
*а немам зловода поплава да ја задржам раката*
*од стрвни полнежи кои ми се наметнуваат безпадежи*
*среде столбовите на овој филистејски храм*

*гладен и ослепен како спотеран од буица камен*
*се нафрлувам на безбожничката поривнина*
*со сета вина на денот лут*
*да вјасно и збито го растресам неоткритот*
*и невреме будно невреме судно се осветам*
*од градите ми — духови височински*

*со сите ми бувови смели и чисти да нападнам*
*и паднам сред кнезовите и овој народ грешен*
*под света огница загинувам од стапица на Далила*
*со молила ситни да го ситнеам издајството*
*еда тој што се од мене свети*
*се вети како несеќавање под новопотопно небе*

## *РУТ*

кај одиш ти одам и јас... твој народ е мој народ и твој бог мој бог

Рут 1:16

па кога легне покрени му покривач од нозете и легни таму

Рут 3:4

*безверно му навлезе под тајните на Боаз — Давидов прадед*
*кај душата ги закапачува алгите*
*со кои се храни и пои отподната безветрина*
*— вдвоена сигурно*
*од босоногите неба отргната измамнина*
*да полите паѓаат во мистичен псалм*

*дека пријатно и без срам Рут снаата на Наоми завјаса*
*нагло да го пие сиот плам без постели*
*пријатно разретчена крена*
*да синее испеперудува црвенее*
*се поти против океанските солзи на Боаз*
*кога без најава започнува да резбарува*

*тој паки позајмувал спарнина против спарнина*
*ситнозовните оџачиња во себе ги тискал*
*вриштел против скакања лебдења нуркања на Рут*
*во цут да изора смут копал света орница*
*против голите плими непрозвано пливал*
*од порозните калишта цедел противсвадбено*

*ситно пребарувал школки меѓуножно строги*
*и така сред тајните патишта на паганствата*
*раздолжен да игра во правилни ритми*
*непроштелно дека против среднокните блики*
*средлетно пресадувал слики од кои Рут го роди Обед*
*Давидов дед — кој длета прекршувал од лета господови*

## *ХАНА*

на твојата слушбенична машко чедо подари, јас ќе го дарувам на тебе господи за сето време на неговиот живот

Шемуел I 1:10

*во тој дом од недоброј спремања распремувања*
*молејќи за чедо спрегнав спрегнувам гозбени кавги*
*таа шума од пеколни ми ридини разиграни*
*за тебе Ѓосподи ги згунгулив над ѕеби*

*камбаните ја подсушија молежната ми уста*
*тревожните недра густо ги побркав по верандите*
*по ќумбињата по мрестилиштата*
*да ме сетиш машко да ми подариш дете*

*од сауста ги надитрувам пожарите ми*
*ги раздарувам пените од голите ми риди*
*тој мев што молчи ли молчи што кади*
*— пушти ме со тебе да спијам владару*

*добрините да ми се гаврат*
*вода да ми понестане во добравата*
*брашната ми ги раздели на сиромаштијата*
*жртви за твојата милост*

*тие ми тревници над кадилниците*
*што ги разлеват колковите над маковите*
*и чешмите ми што ги обезглавуваат ноздрите*
*твои се — ништо да не остане у човека*

*довека ги губам зените*
*ми отпаднуваат брчките муцките зеровите*
*и каде котешници потаки да ве разиграм*
*за машка рожба да ми пукаат оџаците*

## *ШЕМУЕЛ*

Сиот Израел, од Дан до Беер Шева, дозна дека Шемуел е поставен за пророк

Шемуел I 3:20

*зошто не се сеќавам што се отклопчило*
*во мојот свет од молитвени безкошулци*
*и зошто ме свети кривогледци пробудуваат*
*со млечни призиви*
*кога од ширните меѓузлости сочинувам*
*во неприпадност — песнопојци за мојот народ*

*колку посилно рикам наведната лика*
*толку ми отподно блика пена громовика*
*— беше утро на ветена моина*
*се откажав од гледот за муза скакачица*
*од лоза јазавица откинав лисја*
*злосја издолжени ме частеле со непрозвано вино*

*ако осветувам белоденна голоридица*
*зошто ме пророкуваат заборавните утра*
*— никаква взалудност не копав во сокрвцата*
*ако мамурни јуриши пресадив во нозете во усните*
*тоа беше поради нашето недоодење*
*до спашавање на изгорените дланки*
*на Шаул нашиот прв владар*

*и неприпадноста има*
*свои надигнати светови*
*и јас господи своја заборавност света*

## *ШАУЛ*

Зошто се фрли на грабеж... (Шемуел I 15:19) Ти го отфрли зборот на Бога и Бог те отфрли тебе да не бидеш крал... (Шемуел I 15:26)

*врати ми ги роговите грабежни — леле зулуми*
*по химерните лебарници тргваат свртените очи*
*пренокувам над скрстените глушини*
*згустените ложини си немаат свое име освен мене*
*леле цутници на снагата оргулеста*
*кај да ве камбанесто кршам*
*поградешки — да не дишам*

*див против голите заложби од корави бучави*
*тука ли обредува подарената сокрвца*
*некој мрда безпостелно со полегнати бранови*
*неповторливо*
*некој вјава мокни лози на поривот*
*неименливо*
*некој го распознава по нокните нозе*
*своето заборавно постоење*
*недоимано*

*разменувам лавини преку млечните облини*
*тука ли се тие врутоци дојни*
*дива квачка ми насуво јачка — ме казни*
*ме има*
*не помнам зловоди калишта да ме одбиваат*
*поплавите се молзни свежини*
*ми се плашат*
*што тогаш претавата подаденост*
*да не го превземе светот*
*— ветете ми е — ај болини*

## *ДАВИД*

Така Давид со камен и прачка го победи Филистеецот Голјат, а немаше ни меч на рака

Шемуел I 17:50

*од скутот на изгорените ковчиња*
*по денот кога ми бибер турале*
*од изораните очиња бегале ужасни скакачи*
*дури и пазачите на своето чесно име*
*како јас од голите намери да го сочувам*
*основниот крик на мојот измачен народец*

*како псалмите на моите молзачи*
*кои се прогласиле ветени поила*
*оние разиграни избегани од усните и дланките воила*
*несобудени кога вливале страв на вревни реки*
*белки пипките вселенски би се запечатиле*
*во моите вревни сараи*

*дека колку и да ги смукам мените врли*
*од непцата мевот јачката гревот*
*толку ме страдала не отстрадала дневната заповед*
*од немај исповед со истребените на Голјат војки*
*толку ме пумпале подсушените јазици*
*смукајќи омраз во недоглед од немушти крици*

*само таа не — не бегала дарителка на мојата осој снага*
*која ги прибра горливите пијалоци под оклопите*
*зашто пресвети зачетоци на трпки остраслени*
*тргнале по освечените осојници сами*
*кога паднал катун од височинските ситногорици*
*кај брстев трошки од трошните инвазији*

## *ОД ПСАЛМОТ 18*

те сакам господару, тврдино моја карпо моја, одбрано моја, спас мој господару мој — пештеро кај се засолнувам штиту мој, снага на моето спашавање

Псалми 18:1, 2

*ги надигнувам трептавите агли*
*по зачудените котешници на алги свили магми*
*од битбитија со сета сичанија на кршната снага*
*ги измешувам вината со виновните шуми*
*и сега чекам жестокиот шадај[1] да ме превземе*

*чекам врлата испосничка да ги зброжи*
*несомнените осојници кај го скукалувам*
*осојникот по жестокиот имот*
*од совршени топки и свети пипки*
*кои посадуваат движби од пеколната пот*

*помеѓу разримената зајденка и кревката чуденка*
*прекршувам дланки озборувам мамки*
*обезредувам склечкани поланки од смачкани тутуни*
*и други зулуми да ги доизцицам господи*
*казнените врелии и другите безредии на душманијата*

*настапувам од новите знаци на термитите*
*да буричкам по мелодиите на врелите млека*
*воиме на бога од острастените вими да не го симнам*
*страотното усте до густо утре*
*под леленот на сокрвцата молитвена лица*

---

[1]) Шадај — шестокрана звезда, Давидов знак

## *ОД ПСАЛМОТ 22*

Ели Ели лама сабантани (Господи, Господи зошто ме напушти)

Псалм 22:2

пред него ничкум ќе паднат сите групи на погани

Псалм 22:28

*од твојот поглед се сринувам — ме поземуваш*
*ме брзоока здива полегнуваш*
*отаде тебе слепеам*
*беседи на срцевити пештери калемувам*
*имашноста на облите болини ме глода*
*молитвувам*
*по дивите ридишта небесната војска ја барам*
*вечноста ме носи низ бранови немоќни*
*каде да го пијам свитканиот сок на гневната дојка*
*ја заноќувам дланката со ноќни сонца*
*идвај ми за вдвоени исповеди*
*примај ги на бога горчливите заповеди*
*ако срната ја отргнав од волкот*
*тоа беше поради мојтвоите поразени армади*
*мелничарските гради ги примаат дланките ми*
*во своите топли балади без приговор*
*зошто без изговор ме откинуваш господи*
*од кавгените милуви*
*уште ми се рацете полни маковина*
*на сонцето голата вина е залезот*
*Господи Господи — не ме напуштај*
*заминот е само имагинарен пристан*

## *ШЛОМО*

Така ја заврши градбата на Домот Божји во кој Шломо ги внесе сите свети дарови на својот татко Давид

Кралеви I 7:51

*ги зголемувам зачнатите потајници од дарови*
*во домот господни од стиснати лузни*
*со четвороаглести усни —*
*ги намножувам тврдите ризици*
*по недрата без елеци*
*само со тебе врлету од врлотијата*
*на летните безветрини*
*дека гласен е неодговорот на мрешката*

*не бегај ми од уздите — личото сред рудите*
*на лозниот задув*
*горделиви се божествените моини*
*пчелно загледани во окцата на храмот*
*горливи се кривогледите воини*
*со појните ведра вслушнати во дините*
*на пустиносвидните молитви*

*сета полнота е снагата на присвоените млази*
*— со голата питомина зад вдвоената појност*
*пресадувам зовност — песочина утајум ревно*
*од сината месечина касам залче по залче*
*раздолжена молитвеност*
*со едно слепило гладно полногледо виам*
*бедуински риам во песокот на колковите*
*со докази на брзи залези во гола набожност*

## *ОД ПЕСНА НАД ПЕСНИТЕ I*

пољуби ме — со баннежот од своите усни твојата љубов е послатка од виното

Песна над песните на Шломо 1:2

*ми жугна под темниот оган*
*доjарка со начулени кактуси*
*единни угурсузи на брзите стрели*
*— за нив ми доцни летото во жижата на снагата*
*во нив сонувам мрежи од крилја на лилјак*
*единни луксузни пропасти во здивот на страста*

*нека вклештен меѓу штурци со чадни преобразби*
*кога се во нив потопувам из'ртувам потопувам*
*кругови млечни кругови лочни*
*кога не слушам што ме дивјачи*
*која ме номадка јачка*
*и што под рогозка ми распнува бело знаме*

*нека ме толчат годините од една точка*
*толку измачена и толку меѓумлечна*
*со поила соголени нека ми се пуши древноста*
*од сауста на младоста пресакана*
*со одврзани очи и раце сврзани*
*од смрзнати сокови што ме умаат*

## *ОД ПЕСНА НАД ПЕСНИТЕ II*

**Двете ти дојки две младунки на кошуте кои пасат меѓу лилјаните**
**Песна над песните на Шломо**

**Појка трета 4:5**

*надигнувам сон против ребре*
*го предавам утрото на голото недре*
*запомнувам ден на опркужени скакулци*
*кој кому ги подкраднува зрелите крици*
*понесувам на брегот врева против тревожните нозе*
*застанувам на ред и јас да откопчам*
*зрна на зрелото лозе*
*кои ми се устремуваат — ги замојувам*

*со оглувени очи подметнувам мутави барути*
*под мостовите на млечните пути*
*да ме не слути паганка над неа*
*кога ми се лути сокрвцата бледа лица*
*и да не пискоти соседната леарка*
*на смути дотогаш со отклучани очаи*
*се вплеткувам во китка нападни конвои*
*од свитци ноздри крести — во пристанување*

*надигнувам сон против ребре*
*сок можеби необран молкум*
*можеби кус бран скокум ме има*
*и зошто да не примам што ме рудата плими*
*што рими сокршувам во ритми на ути*

## *ОД ИЗРЕКИТЕ НА ШЛОМО I*

Нејзините нозе слегуваат кон мрешната а чекорите водат во подземје

Изреки на Шломо 5:5

*завјасувај од вјасен непокор кога и сунѓерите*
*по блатиштата ќе смукаат добра крештави*
*од неизгор почудици што се бркаат*
*пагуби и небила по билата на опојните лали*

*прскај од врлото на сланото сонце*
*врели облици на страсните крици*
*да ги издолжиш војцата и дланките*
*од сè што меѓумлечно бегаш сув со брзите пивки*

*и без здивки на поразено виме викај*
*напоскок смукај чади слани и модри*
*кога и склопците ти по невидните облини светат*
*тискаат обемнини во устата прекучудена*

*и чукнат од заедничкото незборење*
*цуткај со вјасни заби*
*од добе на самракот да го истребиш*
*меракот преведен во спрегнати мамки*

*походите се ноздри во меѓуножните филизи*
*кога од меѓулозните пијавки римуваш*
*ѕалезни мимики — да ти се разретчат*
*стравотните полемики во капка озон*

*и од голиот ѕвон на поривните шапи*
*измрестувај породилни слапи*
*со преобразби себе во незастој спазми*
*од задочни градби*

## *ОД ИЗРЕКИТЕ НА ШЛОМО II*

**Ги опашува со снага своите бедра и живо со рацете игра**

**Изреки на Шломо 31:17**

*еден здив испеперудува сто криви очи*
*означи го — пагуба*
*тој ти го истопува сонцето во рацете*
*ти ги исполнува леглата со озвездени облици*
*ти ги истолчува образите — вдвојува криковите*
*од четири стрели ти летат димниците*

*еден здив од корени искорнати*
*тој ти го скорнува цутниот од градите сок*
*задолжи ги светлосните бедра со брстење*
*кртот го состави од скомињави намети*
*кинисај да го заречеш симнатото небо*
*кандисувај визби да ја острастиш неверноста*

*еден здив испеперудува сто криви очи*
*не раскажувај оти леар на отсутни пизми*
*по дланките и муцките ти*
*ослободи си ги изумрените врсти*
*на сачми лисци била крици*
*ќе видиш кај ти се топат вјуначените кресги*

*и снагата има свои термитници*
*и ти свои изцедени трески*

## *ПОСЛЕДНИТЕ ДЕНОВИ НА ЈУДЕЈСКОТО КРАЛСТВО*

Тој (Небузарадан, војсководникот на Навукодоносор) го запали Домот Божји, кралевскиот двор и сите куќи во Јерусалам... Тој го одведе во ропство остатокот од народот

Кралеви II 25:8, 11

*од сите јаглени со наежени гајди*
*касни бесно*
*ноздрите одземени од зерите*
*од зените секај тесно*
*невидено исполнување на ден поразен*
*какво траење на задгробното облетување*

*'ржат мравилниците со мене истребување*
*шалави Господе и паки ме поземи толчнику*
*иверки длабеат да биле самозовно испилување*
*ужасно ми идеј безпомоќна кавго*
*макар со вжежени котларници кинисај*
*од секнати водици ме дарувај*

*јас господи и не го помнам улавото гесло*
*секоја нема трпкавица е твоја*
*јас врз дотепани пулсирања*
*мукам Господи*
*со поган кондор ме напаѓај*
*од рацете на Набукодоносор паѓам*
*залунѕај среде гневната ми снага*
*гордоста е ноќ на паднатоста*

*па ти не е доста — присвојувања*
*трептави поразишта во продолжувања*

## *ЕЗРА*

...Тој Езра кој се врати од Вавилон беше вешт книжевник на Мојсиевиот закон...
Езра 7:6, 11

*ми грепкаат дивините подадена срца*
*болка сум сега јас — болка по голите коридори на крвта*
*ме топкаат финалата на топлите мајалници*
*зафучи ме Господи со отподни мрежи на страста*
*паки да се најдам најдиме во подножјата на Јерусалим*
*по ересните езерца*
*корен ми обнови*
*оживи ги реките на слепите појци*

*тоа утре на повратникот уште влажи*
*ќе скокаат ридовите од своите врвови*
*реките од своите брзини*
*јас од себе дивино — болка сум сега јас*

*ги слутам похотните војци на мојот народ*
*заман непостоју — корен ми обнови*
*грепкаат дивините по изложбените опсени*
*и ти веро и ти опсесијо*
*што си ми ривал отпоке завал*
*кораво летен амам си ми од време на множење*

*кини ми Господи озарено лисје без остапици*
*и без остатоци кани ми сокол соколици*
*врати ми народ во своја земја на свитци*
*утроби колвици веќе без пердуви*
*оживи ги реките на слепите појци*

# *НЕХАМА*

Така го градевме ѕидот Јерусалимски ... Народот беше одушевен за работа

Нехама 3:38

*голата нежност беше се постежна*
*воиме на летата градителски*
*зад распоточениот недорек од секнати длета*
*рацете завислива топлина*
*стрелителни по ѕидињата мили*
*ѕунејќи меѓубожно со нозе стиснати*
*снагата промукла од занес прскаше лавина*
*меѓу храмот и ѕидините свиснати во растеж*

*оргулите беа ноќни плами*
*кога брзата ѕебност го насетуваше трескот*
*без расчекор на голите врвови со непоразените рогови*
*кусото настапување на стравотијата*
*меркаше со некогашни очиња*
*згодата свиркаше тврди родчиња*
*себе множења в'овасветски булучења*

*ја слушав својата сокрвца*
*осликана во фауната на молитвената уста*
*докај густа лица ме поземуваше*
*разгневена огница под свое*
*кога могла мирно да свирка со римувања трпки*
*— тука сите голи здивки на градежна турканица*
*не помнејќи која врлица ме фрла по стрвните ритки*

## *ЈУДИТА*

> Од сета снага го удри Холоферна два пати по глава му ја отсече главата... сите синови израелови удрија и ги тепаа до Хоба...
>
> Јудита 13:8 и 15:5

*таа ми побуна во полна пловидба*
*од снагата ми лисјата плетат врели незгоди*
*кртот зад цутот — каков напор какви везења*
*сосема ми се заплеткува душата во освета*
*снегулки биберни и сите ми сорти паберочни*
*и порочни — што ми остана у човека*
*по гламката ситка да одберам дарина*
*од ниошто сила и болина да зберам*
*со ред грчовни сорти до ред сринати порти*
*вино да доделам на Холоферна*
*помешано со мирис на дејка*

*воздух — кога би се тискале удините од недорек*
*од средомлек кога би се искажале стрелишните дланки*
*и џунглести млазеви кога би се откривале*
*од ересното срце*

*е па невернику паѓај*
*спрегни мечу немир на вдвоена самина*
*од љубовниот очај визбе до главе*
*котешница спарушена делка нескрушена*
*од победничките свеќи непотулена*

*таа побуна ми најави бура на мрави*
*до згура од немајтело*
*во шаторот зад вело*
*бој на удовите со разбојничките страви*

# *ЕСТЕР*

Со мнюгуврсни сплетки Аман барал да се уништи Мордехај Естер и нивниот народ... Но 13 ден на месец Адар на народот му донесе радост место уништување

Естер 8:12 и 8:12 т

*обилие сум на стиснати заби и ноздри*
*вилиците ми икаат пред сиве очи што очи немаат*
*што немеам од страв и страва за мојот народ*
*чекани и потја*
*па ми предницата топи снага во потај на мојот пород*
*зад полежината на тигрица што таков скок не помни*
*ни такви обилија помни од сојот сегашна поиднина*

*обилие чека на час стрвен во самракот*
*мој Ахашверошу до грош на служба во рошкања на Аман*
*во самарот ти пресадувам пеколни заложби*
*заман господару — окрени се гледај*
*та гложба би меѓу роговите на сто*
*до неизброј положби на страсни чеканчиња*
*цимкаат страдни обилија во заседа од нереда ока*
*у поразно од бочно пишти и чека — празнично*

*чека на час правичен и стрвен под блузата на ларвите*
*ми лавините харпуни на безредни веди*
*добродојдека ти би неискажива челебинка*
*милоста ми врева ми вети безредица*
*дивина сум — сѐ подрско се однесувам безребрица*
*ми јачка обилие — ми лачи мачешки гласки*
*да зафучат копјата што не било*
*против своите господари што се збило*
*по страотните коридори на правината*

## *МАТАТЈА*

Секој кој гори од љубов за Закон нека тргне со мене... И тргнале по планините

Макабејци I 2:27, 28

*се впива без амин без доста*
*против Антиоха и паганските му обичаји*
*во очај огнените линии ги сокрива без прекин*
*меѓу небето и страста пресадува мрежи*
*по земјата термитница скорнува сињак*
*по дланките му израснуваат јастреби*
*во клунот ги поземува плимите диви*

*збрдни сокови молкум му скокаат од усте*
*лачат ноздрените му камбани локомотивни ритми*
*вреле спарно — жежат крилестите ѕидови на Јерушалаим*
*време котно — пукај во поганствата изложени*
*нему задолжени лачевините урнати*
*да најавуваат поход*

*сам настапува до пијавки преку ридиња*
*преку струкови врли острастува земја жедна*
*лисјата се градни чекани освен чеднината*
*— кој ги каса рамињата испрскани*
*со неговиот задув — не легни со него*
*сонот се сачми на омрачените одра*

*солзите зад ноздрите зад вентузите*
*зад стрелите*
*под иста стреа се гозбеат*

## *ЈЕУДА МАКАБИ*

Другите дела на Јеуда Макаби, ратови и јунаштва. ...и не се запишани, оти беа обилја

Макабејци I 9:22

*вирвода сторен миг врз миг*
*кој да ги задржи едвамчујните му славији*
*повториго поморијо со себе*
*кој молзници да му пресадува глорији*
*отпод корката на стрвниот век*
*кој славенички леб да дигне*
*од соблечените му звуци на крвта*

*сиот му пат гол соголен од молитвувања*
*го уби Аполоние му го превзеде мечот*
*подпалто млечат дивото му однесување*
*подучи го да мука да пука и лока*
*и што господ ака од него до вријавна влага*
*осветничкото небо го прима во булук ѕвезди*
*против Идумејци Филистејци Амонци*
*да пресадува трески во замавнувања*
*една дрскост му ја гони другата неповеланост*
*по вјасните скрки на недрата*

*да му е господ во устинките*
*и тој би од растурените глобинки во бое мислел*
*назечкум по ридинките на млечниот крик*
*и тој би на врвот на Сион пресадил блик*
*со друго име на злоста*
*што мирисот на снагата му од гола бдина*
*вино од ризичната падина смука*
*со две и кусур симнати владавини и тој би*
*од безвидина века скакал моложно*

## *ЈОНАТАН ХАСМОНАИ*

спрема (непријателот) три илјади коњаници и мноштво пешаци... но Јонатан го изгоре Азот... осум илјади паднаа од мечот

Макабејци I 10:79, 84

зошто ти владееш во планините против нас...

Макабејци I 10:70

*неизброј делфинови скокови веќе ме дигаат*
*во безводици со родните ми Спартанци*
*си мислам — во заблуда ли сум*
*си велам стисни бездна па ќе сетиш*
*колку афоресници криеш под кожата*
*колку одметници ти пребаруваат амбари*

*на отпорот водител листам струк по струк*
*единно што знам*
*за слободата под решетки на верата*
*единно што помнам велик првосвештеник*
*ми вјасен блик го утврдува Јерушалаим*
*и не знам друг речник толку полн омаи*
*толку занесен во родилни плетки*
*како требењето на градните зени*
*задолжени за необјатните ми дланки*

*тие јагулести јавки во мрестење*
*реинкарнират брстење на височинската трпкавица*
*од млечната голоридица што создава*
*суден ден без акустика во полна фонетика*
*на скакачи веслачи смукачи палачи*
*и други ранорানителни цедкачи без милост*

## *ШИМОН ХАСМОНАИ*

Покрај другите славни дела Шимон Макабеец ја освои Јафа, и од неа создаде морско пристаниште

Макабејци I 14:5

*екот уснест низ беседи врли вие*
*миг на посакливи зборки*
*виам сит виам збит копајки по дната*
*корнејки фитил по фитил од срцата врели*
*завладав со Јафа Гезера Бетсура*
*банкету мој — обли ми пештери подари*
*дармар ме прател од гнездо до гнездо*
*ми коренот таму*

*и зошто да не изречам збор лут*
*ја задржав земјата на раце*
*ми смирена груда доживе радост*
*и сега со маратонски врат веам господарења*
*ме држат горешници*
*кога ја бакнувам неотстапницата*
*која со букети на лутина ја подарувам*
*да ме гони во оглави*
*на збоговни владари до безпаришта*

*екот уснест со челебински оскубнини*
*сино ситнее ме слави се кријам ме крчми*
*го допирам свитканиот сок на мравестата градина*
*се риам да сум до кавгената славарка*
*од секоја несвест ми подарува врли чеда*
*ме уфрлува во исповедни храмови*
*да божјачам непоразена зовност*

## *ЈОВ*

Кога му телото очигледно згинува а коските му се гледаат соголени

Јов 33:21

*ме длетото утрински суровеело*
*зеленеев*
*во сурова несвест жилавеев*
*голооко рипкав во живото прогонство*
*да ме испокинат огрубен искрастен*
*дејките викале измазнет од бесните стрели*
*ме валкале збит во пеколни прашишта*
*по идните млечности да боледувам*

*од врелите пораки на бога не отстапив*
*во чисти мирудии ги втопив поградешки*
*чешки ми цивкала снагата в'онасветски кавги*
*ламаринев — довикувам чистокрвни маестрали*
*взалудно — од понеделник до безименик патував*
*со падежи втиснати во клуни сурови*
*кај ми душата јачкала одвоена*
*од основните пекања*

*ме летото утрински од себе бркало*
*бркотев — знакови боси кревав со звукови голи*
*да врена посегнувам погача — ми бегала*
*ме лачела од меѓуѕвездените фурни — ме топела*
*разбојничките нозе се однесувале*
*угорнети незбории на стрвни истории*
*кога докрај и без почин ги колвала сезонските очи*
*— јас од врелите пораки на бога не отстапив*

## *ДАНИЕЛ*

Мене Мене Текел Фарес

Даниел 5:25

*Менѐ — ти го измери Господ кралството и го докрајчи*
*толку знам да непомнам кај пристигнувам па јачкам*
*кога пишувам безочни балади*
*што ми раскажуваат колената гладни*
*кога се растворува на Вавилон сегашноста*
*јас склон да пиштам*
*ме сложноста тиска да касам и пијам*
*и пребарувам во бурињата врел барут*
*сосе родот ми се грчам во смут*

*Текел — те извага Господ — те најде лек*
*од невек ме исконот јавка по едрениците*
*непредвидени караници ми заметкале бездомици*
*запливав фанатик во пипките на медузите*
*и уште дузини лавови ме изглавоболувале*
*ме потпрашувале — зошто ми корката олку тврда*
*семенката толку обилна*
*и зошто се колнам во неа — припадност обемна*

*Фарес — разделено ти царство на Медијци и Персијци*
*ми оданоста имала родни крици и ридни свитци*
*и бели шкрги имала и крести неизлечиви*
*толку знам зошто зеленеам кога замавнувам*
*очи на моите древномлади поколенија*
*знам зошто ме издава бизарната фонетика*
*па ја губам сувата логика пред плачот на народот*
*и зошто во квартот на лудите кражби*
*одржувам духовни вежби на шапите во исполнување*
*пред распадот на ова царство од неспретно настапување*

## *ЈОНА*

Ме фрли во море длабно Ме превзеде водата...
Молитва моја до тебе продре... Тогаш Господ нареди
на рибата Јона на брегот да го вреди

Јона 2:4, 8, 11

*со едно намножено елај*
*ме снагата челебинска римувала*
*превземи ме господару на залезните вимкања*
*да крцкања би — во тебе наследства би*
*непредвидени молитвеења би*
*вовирај помешечки во душата ми*
*со обилноста офкам под сто залчиња себе*
*без ребре оти*

*денес очите тука — судниот ден отаде дервените*
*на божемните живеења божествено чедни*
*да би се растворил во сто маалчиња тебе*
*што дојарка ми праќаш на вековерните ми чеда*
*да би од сржта на девственоста брстеле*
*што во тебе крстев од ниошто збуени тревски*

*збунети и паки симнати од олтарот јавки*
*што предизвикав криења на мојата фауна од тебе*
*и не тргнав да сеам пророкувања*
*пропаст на грешна Нинава*
*од са здива на мојата снага дива*

*прости ми господи — тргнав на југ*
*на бу́ј тргнав со мените на врлата танчарка*
*од апокалипсата на верата — со себе невладарка*
*сега решив од длабинските рабуши*
*да го запишам рилото на страста во тебе*
*не признавајки ги домакинските солзи на крвта*

## *БАР КОХБА*

Се јавија нови херои кои го развиле знамето на востанието Бар Кохба, син на ѕвезда, стана предводник на востанието

С. Дубнов: Кратка Историја Евр. народа стр. 93

Београд, 1962

*разнесувам ореоли на цедната полнота*
*ме стрвота запомнува рода скрдена*
*сетилата се клин до клин молила*
*фрлам огнени скалила против Адријана*
*да горливо празнувам*
*— жилави ме боледуваат бувови*

*вкупно Бен Акиба кај ми безденуваат амбисите*
*од бес за дело*
*да ми заритмува грабежот за молитвен милув*
*кај тресна горделивиот ми пастув*
*искресто да нуркам беснеам си бликам*
*потем низ врвовите изнорувам и лизгам*
*— бркај тело на сто угриза*
*врело на ситост чело на задув*
*кај пламите да ги помешам со безпостелите*

*ми се креваат амблемите за безпадежно шофарење[1]*
*кога грагоруваат надежите на сложните востаници*
*едни ми забревтуваат други ме сржно свлекуваат*
*трети од мене буричкаат отпод голата катастрофа*
*веќе три години нозете од безизлезна софра појат*
*стресот замлечува без срам во плам*
*елементарно*
*кога во скараните падини на цутната голгота*
*ме стега ме аби — ме фрла во цедната стравота*

---

[1]) Шофар — рог; шофарење — свирење на рог

## ТАЛМУД ЈЕРУШАЛИМ

Раби Јеуда Анаси го среди усменото учење на Фарисеите и го назва „Мишна" Додаток на Тора и Мишна е назван „Гемара". Мишна и Гемара го чинат „Талмуд Јерушалим"

Дубнов, стр. 97

*Јас Раби Јеуда Анаси бришам злости зад порти
чин на изгубеното име пребарувам
завалот ме суди устевусте
та судно преполнувам брзи до колена усни
населбата ми дозаба изабена во спазми
клекум — во лебедот миже јагленот
векум ме засакува очајот на усмената јатка
си јавка во „Мишна" средувам
сребреста пареа сринувам да ми наизуст пирка
од безздивка до густо бревтање*

*ми чедата по дело измислуваат верности
грицкања лемности
пустиносвидно дланката навлегува — милости
потаки горат џунглестите миграции од недрата
врз Мишна накачуваат Гемара безусности
од кои го родиле Талмуд безбедности
до колената преполнети од небдина
од сувина потаки во милувни маки
кај градите дишат зависливо. . . избегано
со претогашни лисци се здавуваат
што дагата се мисли изгубено
од мачешко видје полудено
ај правила на правливи полнила*

## *ТАЛМУД БАЛБИ*

Вавилонската Гемара и Мишна го чинат Вавилонскиот Талмуд (Талмуд Балби). Редактор — Рав Аши

Дубнов, стр. 101

Dina demalhuta — dina

(Закон на државата истум е закон) Рав Шемуел

Дубнов, стр. 100

*кога од првото празнување Рав Аши ќе заброди*
*отаде длабните брави на новата Гемара*
*ќе врисне ќе падне ќе го зилјосуваат*
*новите сени зијанлии — ќе ги засакува*
*свет на крикот ќе ги засвојува*

*ако ги налегнува се скусува*
*од илјадите ноќи непроспиени над записите*
*западнува од бари сувосани*
*во коти на кацнат штрк*

*лик на присатноста без кога*
*име на жудник без зошто и спас*
*гол стас на гордото усне врз усне спротивено*
*дланки на бунило со утека градна*
*што сокрива помеѓу исконот и ребрата*

*и каде помеѓу себе и злоста да превали*
*положби височински на Агада[1] и Алаха[2]*
*од примрака дела да препали*

*слуша лушпи врз набои на претпоследната мрешка*
*му клиснуваат спржени војци со венци уште неродени*
*за сојот жолчен ај болини дигајте кровови*

*ај борини од сувите маали на корови*
*сиот мрак е тука да клука страк по страк немина*
*дојно му се занишуваат лакомите калишта*
*врз прашишта хранителни удобно му полегнуваат*

---

[1]) Агада и [2]) Алаха — делови на Гемара
Агада — расказ, Алаха — изучување на прописи

## *ЈЕМЕ АДИН*[1]

*ај Господи*
*дал приодот кон тврдината*
*денес за Рош Ашана ќе го превземам*
*— запиши ми го*
*дал млечните патеки до жетвата*
*ќе ми бидат жртви на згустената сокрвца*
*во самоизгорување зимзелено*
*— запиши ми го*
*дал зимоморно ќе ме составува поплавата*
*со чаши скршени во градите*
*од трпки и плими*
*— запиши ми го*

*созвучја на прогонети шуми*
*излишни дланки со обилја заклетви*
*дини на несонот во неспретно настапување*
*додели ми ги*
*карличните буни пијат лизгања на пијавици*
*кои не се ни раце ни рила од бунила*
*што не престанува овој плач*
*во пеколот на поривите*
*додели ми ги*
*кога вивките по икрите се рогови*
*неразговетни во својата помама*
*додели ми ги*

*поплави на градни шапи*
*во шепотот на милувните песоци*
*ај потврди ми ги*

[1] Јеме адин — судни денови, празници Рош Ашана (Нова година) и Кипур

## *ХАЗАРИ*

Според Халеви Хазарите го примиа јудаизмот 740 година

М. Поповиќ — Хазарски речник, стр. 184

Судство — за иста ствар, во предели најшто живеат Грци не се оди на галија ... а во Хазарскиот округ оде глава од рамињата

Поповиќ — стр. 187

Хазарите го примиле јудаизмот под наганот Овадја

Поповиќ — стр. 190

*паднаа очите на праведниците*
*почнаа зловодите да се докажуваат избистрени*
*во заодите на омрачените утра —*
*сонцата почнаа лакомо да страдаат*
*во ноќта на неисповеданата дивкота*
*зачука Овадја со полнострасната јаснота*
*око за око — заб за заб*
*го протна својот мал живот во животецот*
*на слабовидната полнота*

*кренаа коските по соковите да се враќаат во неповлекување*
*апсурдно е да се гледа само низ подземните му порти*
*гладните му сорти завјасаа да касаат*
*и од скомињавите лисја по снагата на непостојот*
*сиот порој на стиснати удови*
*затруби со виличави пагуби —*
*песјаците на дејствителноста*
*скокнаа да скрежат жешки облици на немилоста*

*најнакраја чукнатата му сневност би древност*
*од која избегале паганските очи и клуни*
*да би згустени облици на ѕвона непоразени*
*тврделе како и на вљубените безстанари*
*им дозволиле еден глас без потпис*
*гласот на јагулите во јатата на побрканите римари*
*кога закажуваат старозаветните дамари*
*да служат на збоговните олтари*

## *РАШИ*

Шломо Ицхани — Раши, во своите коментари на чист хебрејски стил, талмудот го направи достапен

Дубнов, стр. 123

*прачкомет е што неизболедува лутини*
*клун е што отворува затворува ѕебнини*
*тоа извесно — несспретните му длабини*
*не помнат такви гозбини по блатиштата*
*прекрстени во скротени древнини*
*какоти талмудските узди по брзите стада*
*кога опсената растворувала густина*
*во устата на безредијата*

*потем изгубена рамнотежа*
*напаѓања со брзи и темни искри*
*недоиспиени сокови од икрата без очи*
*недрата упаѓаат во брзата акустика*
*опсената ги објаснува апсурдните шкрги*
*со некои одредби и ордени во самоизгорување*

*смукалестите му стрели немаат душа*
*не престануваат славјата на присвоените врела*

*со него делкај скелиња*
*сотрувај делчиња набожни*
*вјазлувај сложни мачори*
*присвоји ги обичајите на чудесните чеканчиња*
*по чакалиштата на душата*
*и не се прекучудувај што стрчнуваш*
*да ги расклопуваш јадрата*
*на забрзаните корита*

# *МАРАНИ*[1]

*молитвуваме за чудесните предели*
*за приватните сонца*
*за пустините кои ги сохрануваат*
*нашите вљубени провеви*
*како некој кој се повива со набои*
*од солзи од тага од немилости*
*зошто чедата ни ги грабате*

*молитвуваме очекувајќи го мигот на фениксот*
*кога ги милуваме свечените арени*
*недрата кои набожно ги подржуваат височините*
*зошто корењата ви израснаа во страст*
*а страста во безмилосни владари*
*низ снагата на стрвните ветрови*
*зошто нè фрлате во огнови*

*молитвуваме — немилоста на зрелоста*
*телото да го состави од крв и соблазни*
*кога настапува со еден гол животец*
*извлечен од жолните трески на празаконот*
*вовлечен со загатките на сосушените пени*
*во преградката која пукала во лисјата на душата*
*зошто книгите ни ги фрлате во кладите*

*молитвуваме и што тогаш со испразнетите плами*
*на дамарите до изгорени табани лунѕајќи*
*по чаламите на правонадежните трпки*
*лизгајки по сичаните на градите*
*кревајќи бунтовни брчки*
*по заглушителните удови на пропаста*

---

[1]) Марани — Насилно покрстени Евреи во Шпанија

## *ХАЗДАЈ БЕН ШАПРУТ*[1]

XI и XII век е „златно добе" на еврејската книжевност во Шпанија

Дубнов, стр. 127

*низ сиот себе востанати претци*
*со квргест крвопис и ѕвездена вергла*
*покани ѓулиња џунглести*
*од градите несогласни со своите свитци*

*прибра месести крести*
*отклучи облици тесни на паничарска постела*
*побуни татковински гнезда осудбини колвици*
*со себе колвици на клинестата ергела*

*испрати до Хазарите веди од гледи и длани*
*низ слушните бувови протна*
*прекршени конвои на отуѓени удови*
*да би млека во булуци пристанувања*

*во Кордобскиот Халифат би потфат — свртување јата*
*а вода немало пред судецот*
*би сврзување горделиви колвици до јота*
*во молебствијата на збоговните џунгли*

*го прозвале „наси"*[2] *— див мачор од ќор листец што брстел*
*неспокојни фенери на густините*
*и со лутините на лисец што месел*
*барутни длани и ноздри по безветрините*

1) министер во Кордобскиот Халифат, голем лингвист
2) наси — светец

## *ШЕМУЕЛ АНАГИД*

Како писател на стихови на иврит го оживе еврејскиот народен јазик

Дубнов, стр. 127

*со поетот височините му икаат искони во голи осцилации*
*да се катастрофата насети во рации на сени*
*тоа везир од Гранада отпод жедната балада*
*крева брза силуета од јазикот на древноста*
*прибира кокети од некогаш*

*до тогаш му сегашнувала пролетта заветна*
*боса и со резервни кресте му пукоткала*
*од хоризонталите зад блузата му химерела*
*не признавајќи го заборавот од немајдлани веќе*
*до последно леќе триесет години везирувања*

*со бунтовни копитца му брегот дига*
*облооблачести керамиди*
*утра жедни — дими бесмртни гравушки*
*ги ежават фурните по градите зачнати*

*со врева од примрака болка*
*подрака сета му втоната снага*
*стега молзишта и ѕвона*

*кога му се побунуваат недрата преполни блага*
*втонати фурии му умираат фитили*
*на валчести плуски*

## *ЈЕУДА АЛЕВИ*

ќе паднам ничнум, ќе ја бакнам земјата секоја стапка ќе ја бакнам, камен по камен дење ноќе гол бос ќе лунѕам по Твоите рушевини

Јеуда Алеви
„цион ало тишали“

Самогласките се душа во телото на согласките

Јеуда Алеви

*од риде молежно рака на дна болка*
*стрмно сонце а горења древни*
*мит на војка толкува јавка*
*молежен барут под корења ѕебни*

*согреши бавчо — застани со усни стиснати*
*плач на дивината ми гони чукнати нозе*
*по лозите замижани на Светата Земја*
*кај замански кривини ми вртат молежи*

*до грош улавини кај рацете згрешиле*
*трудни стремежи на пилци истрбушени*
*нафрли полутинки и други вивки*
*на една внатре нескротена пареа*

*да облетам лали показални од залезот*
*кај нерезот чука и билмезот гнети*
*од сисвети постели со врели плунки*
*кај опули лилјакот ослепени крести*

*сета неманија по немина тргна*
*развевам побрнана паленка*
*под гола полемика што мигна*
*сиромашек од лакома сневка*

## *МАЈМОНИДЕС*

Разумот ја чисти̂ верата и го̂ спречува ширењето на празноверноста

Мајмонидес

*нека не ми изостане од фетишникот*
*на млечните јазли предизвикот*
*кога ми се̂ повторуваат мегдани на вјавачи*
*чад множејќи — вед огнила*

*суровоста на пукотните пупки*
*ми се огласува молитвени корења од немајочи*
*ми се поснопува мигања со лочни сунѓери*
*прскај радосни јачки од основната писменост*
*на тората[1] по недрата по нерешителните дланки*

*не крешти издолжена рака на бога*
*впиена во нередни мегдани —*
*редња завладала по народот*
*со разнесени утрински гердани*
*од плачот на забрзаното иње — до безиме*

*составено од риме завизбено во устата и разумот*
*прозвано кавалкада на голата страда*
*едно утро сите утра превземено од гнев*
*од снев на присојната града*

*преграби се луди сневци — кревај лебци*
*збирај пазуви од чудесната невременка*
*со два многунабожна сунѓера во предницата цедна*
*делејќи божествена правдина на судна преполненка*

---

[1]) тора — стари завет

## *РАМБАМ — БАРЦЕЛОНСКА ПОЛЕМИКА*

Не проречле ли нашите пророци оти по идвањето на месија народите ќе ги топат мечовите во плугови — и ќе се изгуби вештината за војување

Рамбам

*ситнозборно што растам низ жестоки расправии*
*навлегувам во полемики со ноздри расејани —*
*така ме фатаморгана прима во своите гради —*
*над чистокрвни бури множам жртвовања себе*
*во ребре од клисури папрати паливвона сури*

*и што ме некој полемик предава на жолчно такмичење*
*тојчас привидина ме има збоговна праиднина*
*од лутина не ја разбирам својата вина*
*по лисјата со мирни поведенија не откривам*
*кое откорнување ме исповедува во чадосана биднина*

*навчас тискам грозја смукам барути кревам злосја*
*месам секнати цути без душа*
*свестен за својата чесност касам преселници*
*во мене ритми поснопици од празнувања*
*поразувања себе во ризници нерамни мегдани*

*од тие настани сум кај роденденски проштевања*
*тргаат по моите остатоци од шкрги сени кавги*
*кај ме џунглести неанонимни уфрлуваат во рими*
*од шапи со очи црвени и брани од ситни пени*
*смукајќи по житниците ѕвезди на катастрофални плими*

## *ПРОГОНИ*

Истерување на сите Евреи од Англија (1290) Франција (1394) од Шпанија (1492) Португалија (1498)

muestros bjenes revatates
a los fuegos mos kemates
damos Espanja las krijaturas
o Dio de las alturas[1]

*јазли на растурот што го вјават милувот*
*отпод телото на амбизот*
*крикови на грабежот се докај молежот*
*ме аби се влева ме ваби со угризот*

*од јачкањето на детските плами*
*ме размлечуваат сржни пастуви*
*докај стрвниот мегдан се врами*
*во дојните пристани на вдвоените задуви*

*невратката бурка бездомничи нурка*
*кај падините на скараните голини жилавеат*
*што јавката поразна грозоморно офка*
*кога зависливите снаги замавнуваат*

*со врели пустини бараат пребаруваат*
*нереди крвави свлекувајте смело*
*скрдени нероди безконечно запојуваат*
*без срам зајачуваат од пеколно дело*

---

1) песна која ја пееле изгнаниците од Шпанија по време на Инквизиција од 1492
...нашите добра ги грабевте
по огновите не горевте
дај ни ги Шпанијо децата
Ај Господи од височината

## *БАЈАЗИТ*

„Како е глуп Фердинанд Шпански кој со изгонот на Евреите од Шпанија ја осиромаши својата земја а ја збогати нашата"

Султан Бајазит

*и секогаш како тогаш како сега утрешнувам*
*светска кавга од баладата на моите гонители*
*од бандите што веди бојлии праќале*
*да ми го завземат олтарот*
*по градите на оскомините*

*елате ми изгнаници*
*кај не сум — исконските силоси ми ѕебнаат*
*од коритата сосушени делкам анатеми*
*со избувливи амблеми*

*пристанот пишува денум изгорени плевни*
*кога чукнати прозори делкаат пароли*
*по бурињата на собствените лудости*
*неизлечиво и остро*
*кога проклети едреници закажуваат фанатици*
*напаѓачи со сените на фантастичните завиви*

*јас сега празнично опчадувам благденски замижувам*
*со гладни муцки отпочнувам да зачинувам*
*безпочинки во молитви стиснати*
*добредојдења во ритмики блажествени*
*да ми голите правдини непредвидено затрептат*
*со богатини по безветрините уплавосани*

## *ПОГРОМИ ПРОГОНИ ПОКОЉИ*

1495 г.: Прогон од Литва; 1504 г.: Иван Грозни ги удави Евреите од Полоцк во Двина; 1553 г.: Рим — Запалување на еврејските книги; 1648 г.: Поколите на Хмелнинцки; 1670 г.: Прогон од Беч

*со разгневени зерја тие навлегуваат*
*шутки разгоруваат смутки засадуваат*
*зар ровкања со накренати муцки*
*не дрочкаат јавки за брзо напаѓање*
*со снага на пенливи матила*

*огни да би пласти врлила — зар тркалања себе*
*во безверните скути не прекрстуваат*
*млечила во кртечини по градните веди*
*— да беда би погром зар толчења шумки*
*резили судни не дигаат глувила на кинежни гозби*

*да избив не би — урвите во празнични потење*
*да се изгнаникот стопори брегот одболи*
*недрата се горчливи догледања*
*од кинења грутки зад безверните промени*
*кај смели кртечини мигаат неодболувања*

*палачот спремен — трагачот осуден*
*поганот кине знамиња од воздухот сосушен —*
*мекотишта нескротиви опчадуваат мешеишта*
*котешници во набои на ужасот смукаат*
*наследства на заканети ридишта*

## *КРСТОНОСНИ ВОЈНИ*

> крик од болка ми се отргнува од срцето поради жртвите во Мајнц
>
> Шломо бен Шимон

*расторете се утра мои*
*ме виличави гонежи држат на око —*
*од верноста ја превзедов страста*
*со неа сите никулци на своината и жртвата —*
*тука сум свој сосема вој*
*затоа преправачката на солзи во искри*
*ја превзедов со сето ми тело подадено*
*на пржалката вовлечена во голото дело*
*делото на поразот —*
*некаде во мене надојдуваат сите војци*
*сите ми изгнаници на колена*
*со кои тргнувам во квартот за изгорување*
*да ме безпризорните лутини примаат*
*во недрата на инквизицијата —*
*застанав пред судниот ден*
*да ми ја додели несогласноста во должност*
*зашто ми фаунестите гласки ситни*
*не беа наврзалки на моите претци*
*туку зрели реченија во прелевања*
*почудици со дрен испокинати*
*од своето исконско множење*
*во сложно גложење на својата мрешка*

## СПИНОЗА

афореснук ли сум
и сетаки набожните ми поколенија
коленичат за иста псовисаност

очите се рамнотежа соголена
едвам во нив го спашавам мозокот
на бигорските усни

некаде се раздаваат вододерини
од соковите истечени со моите дамари
за моите жестоки иднинци

бизарна страда ме има меѓуочно
ме бочно составуваат робови на дело
јас гојни стада зад вело размножувам

безбожнично време фонетски згуствувам
време закачено во полномлечно виме
— безредија во снагата

религиозните хорови немаат време за доста
избезумените храмови креваат измолзена акустика
од недоизцицана ритмика составуваат чадови

безнадежни узди по кршигледот запишуваат паѓања
што се тоа врти од устивусти корзира
па се ересно густи ерозивно грсти

што се темнувајќи не прибира
губејќи се продолжува учно суровува
херкулесто ме потопува в'немајбожни крести

## *ШАБЕТАЈ ЦВИ*

*низ дивини митски ми растат комитски молзници*
*растат слепи мелници во празноверни недра*
*во свеста на многуте катници се протегаат*
*како неприбрани пророци за лудата мрешка*
*раздолжено во пристанувања раздарувања*

*растат матици на месијански утра*
*во утробата на измислените усти*
*ми растат густи плами на измамни молзници*
*кога ги цедам рацете во приватни неба*
*да го кутнам султана со убрзани опчадици*

*животецот ми настапува стрвно*
*настапува помешечки составен од пламни конвои*
*од повеи на вибрести кресті сочинувам*
*визби за конечно устоличување*
*во престолот на идносветските набои*

*клекум помрени врсти на агонални прсти*
*мушнувам во прапочетните извори на трпките*
*Ерец[1] да го превземам го прогласувам бога во себе*
*дорога пикнат во славја — дороба впрегнат*
*во множја камбанести јачки*

1) Ерец — Ерец Израел — Домовина на Израелците

## *БААЛ ШЕМ ТОВ*

Дејствително набожни не се тие што сиот живот го водат во учењето на Талмуд, туку тие што го носат бога во срцето, и кои умеат во се да го најдуваат бога

Баал Шем Тов

*господи — твои ми ергели спрегаат радосни стреми*
*пратејки ми ја врената посока до тебе*
*твој песок ми врти дини очи мравилници*
*и други поснопици славарски јагми во настапување*

*ми ѕуни голото сучење на густеци снага*
*сите давеници ми надошле да оживувам шкрги*
*некаде се плодат страсни врлеци*
*како усни врз чади*

*како млади брзеци врз камбани градни*
*тоа гладни шакали растерувам од сучење*
*од бучење на вродената злина*
*со ноздри на љубообемно навлегување*

*нека мачорите предат со пасатски звукови*
*пиркаат сонцејадно — од бладно што пиштат безлебините*
*нека се јатат занесите во праведни жеди*
*што гледи сосушени ги мамат млечните нереди*

*и лудини богозовно нека клекнуваат*
*кога мравите ги напаѓаат лабилните*
*грозди мајалници ноздри кривогледици*
*во походот и обредот на кривогледите мелници*

## *МОЗЕС МЕНДЕЛСОН*

Сакаше неговиот народ да се вклучи во општиот европски напредок. Менделсон го започна покретот на еврејската реформација...

Дубнов, стр. 185

*во утрината на мојата нападност*
*храброста ми крие трпки на брзи свитци*
*со трудни мелници во шапите*
*и сончеви верерици по рилата*
*откривени во првиот чин на ѕвездените кавги*

*растегнувам просветителни муцки*
*и никој не ми е вџашен од лачевините*
*именувам провални џутки*
*кои ме направо водат во провевот на лавините*
*еден ми ѕвонар дели пијавични здивки*
*и не помнам кој ме истури по ридините*
*на умножените недра без јавки*
*во нападните мигови на безветрините*

*ѕвездења би видувања бродоломни*
*гнурците не знаат за потребите на рилата*
*камбаните ми се слабинесто колнат*
*Деница ми ги избројува жедните чеда*
*припадноста е крик малкуздив*
*во утрината на мојата нападност*
*кај првенец вјавам задорици од чинот милозлив*

## *ХАЈНЕ*

Крштеница преставува влезен билет во европското друштво

Хајне

*прво неприбран потем насобран во клопче*
*на своите поривни ковчици*
*до нокте свлечени мравилници*
*под окце занесно*
*на своето необјатно копче залезно*
*— начворен*

*ѕид да пробие на европските размирици*
*палежни млека да украде од лиричните ризници*
*што крцкале раскриленици на џунглести врлеци*
*призивно да залезно*
*прв од дивината по божествените кактуси*
*првина му се скукалила облачесто*
*првенство облодерно со паника недофатно*
*по лирата на светот се принесува*
*— фрли се искастрен*
*причино за чисто раздолжување*
*одземи се од несвоите веќе сливници*

*кај сневните здравеци издолжуваат чашка*
*бочни ридишта кај закажуваат разден*
*по рамената уздести кај пресадуваат крици*
*чешни катилу на брзите катници*
*лежишта ти приредуваат стрништа*
*од господовиот запав јачкаат мрестилишта*
*на твоите збоговни трпки*

## *МЕНДЕЛЕ МОХЕР СФОРИМ*

**На основачот на новата книжевност на јидиш**

*накрени ми викотници моќни*
*врзувам сон на реални мегдани*
*состави ми песоци од очи ноќни*
*секој јас зад мените востанати*
*зад вршките ѓолозовно ветени на палавоста*
*од котлите на дланките*

*од свеста на слепите мени*
*во пионерските арени на голото слово*
*кога од составот на коровот смукам*
*снага на таванот*
*која заправо е крива за новородените ми плами*
*со драми на алегорична чедност*
*кога отподувам по залезните нозе на завалот*
*кај поривот ми цивка и цивка заминот*
*на распнатите бранови во разден*

*па ме везден крши заборавот*
*врз патните расказни и тврдите залези*
*што грешни пилци втиснав*
*во запавот од непостој себе*
*до ребре растворен во изразот*
*на составените јаглени безмерно зовни*

## ДРАЈФУС

а тогаш уште неименлив трчав
кај ме трепетниот мирис носел
бол на повеан идол протнав
во порите на камбаните поривни
па ме позивни строфи бркат и сега
да опкружувам сфери на голи неизмери

на овој Ѓаволски Остров — врзан останувам за ова трчање
парадоксално вивкање
и некам од кругот на рацете намножени
да излегувам само со наежени мрави
докај голи страви неизабено носам
во своите состави од мраци и свитци

носам обли мени облачесто скрдени
да ме со Зола на копно врелци држат
во непаметување на реалниот свет
клет стојам пред својата издолжена дланка
задолжена за моето котлесто име
кое го потресе светот до виме на залезот

## *ХЕРЦЕЛ*

Во 1896 г. Херцел ја објави книгата под наслов „Еврејска Држава"

*со еден пејзаж ровкав како крвотекот*
*на струните сум рунтави — на стрмините*
*со една руменина без руба сеам бркотија*
*од раџете ми стегнати отписи сеам*
*сеам и не се откажувам од своите клуни*
*за мојата лулка сеам опуси*

*сама ме дробенка офка па иста ме од чиста мира*
*фрла отпишан и врел отпод рудата*
*на оптегната скитија да го приберам народот свој*
*од која денум бревтат зависливи славуји*
*ноќум делкаат непоразени конвои*
*од устата до богољубивите струји*

*со еден пејзаж низ булук намери од една*
*една малкузборлива крдарка зад своите одливи*
*една од неповеланост чиниш многучинка недотребена*
*една приберувачка — една никулецот скокна*
*да потпали крши очи на лудила да припадне*
*некому — жими него — од вријавно да пресвие*

## *600 ПОГРОМИ*

Во 1905 г. рускиот цар, преку организацијата „Стотина црни", само во тек на една недела, приреди преку 600 погроми во целата Русија

Дубнов стр. 215

*испружете ги пламите на грабежот на гинежот*
*и тоа би било сè — со задувот жилавеам*
*очајното море фрлено од сопствените плими безденува*
*тоа се сиот себе фрла во телото на завивот*
*од множно се раздава со неможно дело*
*заритмува со ореолот на безизлезниот крик*

*треснете ја сржта на зависливите подруми*
*несвеста идва со зауми — клопотари сливено*
*грдотијата нè уми соблечено — нè прифаќа безсрамно*
*нека обичајните стресови на уларот го тргаат велото*
*од скараното врело со челото на пастувот*
*кај ги бришам гравушките на молчењето*

*булуци на дробенки — не заборавете ја поганијата*
*со втиснати поети во сокрвцата успевајте*
*да грагорите со сета смелост на градите*
*кои ве нишанат од среде зовноста*
*што стадото сардисано го примив степано*
*со ова море очајно фрлено од собствените плими*

## БЈАЛИК

со фитили на густиот живот обновени ламби
дал дивовски ве засакав рими
ај трпези на глаголести трпки
со преполно молби за мрестење
дал матниот поглед од свлечената несвест
го пресадив во скараните дојки
со мојата неспокојна лирика

еднаш со деница подавала безнадежно
еднаш од северните ми јачки барала милост
тогаш од издолжената десница
разгорував вирови разбранував ветрови
чадови од безпризорната сневност
безизлезно но залезно избавував дропки
на обновените појки
за стрчнати ковчици врз голи молитвеници
да би од својата цедност ми јачкале сунѓери

и невзалудно гледав на исток од незасита
кај ми превалецот молитвувал од незаминот
на моите шкрги во безизлез —
за тровче романтичарски залези
кој смука од моите греси
засолништа избавни на бладни кршилишта
кој подочно протнува множилишта
на двојствата заглавени во јаремот
на збоговните полени

## *ФАЛАШИ*

*три илјади лета носите на плеќи —*
*уште поразувате леќи на свиткано молило*
*некогашнувате докај сегашнува огнило*
*како да ве Моше Рабену праќа на поило*
*во кое тој — еден од Мете Мидбар не влезе*

*мирудиите на благденските маестрали ве стегаат*
*довикувате русогледа голоридица*
*гладувате од бесната утрина*
*со предницата развикана составувате*
*стрели во безконечница —*

*глас бладни — идвам да ве земам*
*зошто помешечки не се снајдувате*

*ве гледам со пукнати окца на блудни дамари*
*на бесни гусари на вјасни дармари*
*ај сневни глодари — кај ви рацете —*
*се враќате на основните понеделници*
*отпочнувате по сите безденици да ги острастувате*
*дојните усни во долините на вечиташите*
*— кај ви безконечникот по мрежите*
*од безпокривки да пишува номадски крести*

*и да мрести меѓу ребрата неспокојно риме —*
*избавно виме не владее со своето име*
*загазено до пупокот пукоти*
*по невнимателните слузници да олути*

*зајачени појци со омрачени свитци*

## *ГРОЗОМОРЕН ОБРАЧ*

**На пострaданите Евреи од концлогорите од 1941—1945 г.**

*утрата тесно се помнат бесно се преполнуваат*
*ноздрите смукаат отшумена стрвка*
*до последна мрвка мравите ги наежуваат удовите*
*каде строфата по рофјата до последна дрејка*
*цеди свлекување котларници од трпки*
*од јачки низ црни спектра во полно 'ржење*

*ми идваш обрачу ранум грозоморно*
*со намножена бучава од пепел ми идваш*
*за ѕидање небесни урни*
*кога стрвник те мислам — копања очи*
*злобата е мерка на лелекот*
*ми идваш змијарник во самоисполнување*

*доколку солзилата го призиваат невратот*
*црн ден од црнозем апи во црнини*
*по дланките ми веани омрази*
*зорум ми идваш од шапи смртоносни*
*ми стрчнуваат образи на исконско поразење*
*в'китка со залези од црни лали ме дариш*

## *ЗАЛЕЗНИ КРУГОВИ*

**На борците од Варшавскиот гето**

*па што ми е — од времето на вашето начнување*
*во мене засирената стрв*
*од срж та на гревовите ми вие*

*па што ми е — на колена се сцрвувам*
*ме хранат вашите лути очи*
*од време на вашето раѓање паѓам растам паѓам*
*и тоа што деноноќе од вас сева ми припаѓа*
*јас тогаш упаѓам во канџите на Луцифер*
*со пожарот на мојвашите тела*
*бисерната трага на вашиот показ ме напаѓа*

*па што ми е — смолести лутини ме множат*
*живеам под крилјата на стрношините*
*ме познават шапите на орлушините*
*растворени во коралите на мојата судба*
*и што можам — ја понесувам невремената градба*
*која ме посади на овој брег онасветски*
*и паки со вед заветна ве жадувам*
*залезници недозовни од мојата сокрвца*

## *НЕПОРАЗЕНИ ВЕТИНИ*

**На 1.200.000 Евреи борци во сите фронтови против фашизмот**

*си разнесувам живот кревок*
*толкупати бришен и уште толку пати краткотраен*
*наслонет на вашето масовно надоаѓање*
*до вас одреди во раздарување*

*искра само изноктена толку и веќе бесна волку*
*и кога не ве гледав ве слушав*
*ми служеше — невозможниот настан ми припаѓаше*

*и колку оргијата на црните орди ве дебнуваше*
*наредбата од дарба за множење ве креваше*
*ортодоксијата ве заплискуваше со корења*
*на завизбено напаѓање*

*толку ведеење на задолжените дланки*
*со возбудени предели на заклетвата*
*некаде зад блузите на сонцепадниот пир*
*од голиот незапир на апежните закани*

*сте чуствувале — некоја стрвна небина ве таи*
*во недрата со часови на зовноста*
*ве множи од маршот на неизвесноста со трпките*
*со грозата лизгајќи по заглавените катчиња на душата*

*разгневено нишанење по змијогроздот*
*дигајќи ги на нозе нозте на нештата недозовни*
*ширум светот на невозможниот настан*

## *СО НАМНОЖЕНИ СЛАВЈА*

**На 379-те Евреи — Хероји на Советскиот Сојуз**

*заветнини*
*горешници за сите нападни страсти*
*припаѓања на своите брзи млази*
*префрлувања во челуста на немите омрази*
*да приумрат во облоздиво јавање со поривните мореказ...*

*подвижници*
*по одливните непripадности разграбани*
*со востанатите области на сетивата*
*навеваат сити подароци*
*забрзуваат очи на булуци*
*сета гиздавина раздарена на бунтот*

*а мрежилата им со безусловни завети*
*ги строшуваат — ги префрлуваат во дланките*
*на поплавените со зер арени*
*ги онесвестуваат со неточни сказалки*
*на ситнокоскени стезалки*
*недокучиво како*

*и незнано кога нестануваат во утробата*
*на сѐ погустата мрешка*
*освета на ангелите — расчинетости*
*длабини како знакови ѕебни намножуваат*
*од чистата зовност на крвта војските — острастености*
*против грозоморните пеплишта зајачуваат*

## *ЈАСЕНОВАЦ*

Во Јасеновачкиот логор пострадале 800.000 затвореници,
меѓу кои 20.000 Евреи
Јаше Романо: Јевреји Југославије 1941—1945 стр. 119

*јас би дождот трпки да ме измери*
*во ноќни ме ноќи измеси*
*од занесот на орли ме состави*
*жолчното да ми истече низ жилите*
*прелие низ олуците на гневот*
*во рацете ми израсна бучевина*
*со калиштата на утрата ме испрати*
*кај црноземни стрвници заплимуваат*

*јас би да жестоко виам*
*во градите на затворените порти залогорувам*
*што прилега на мојата неусклаеност*
*со кричните рудници*
*и полудените врлеци*
*— змеови кои постепено ми ја менуваат фуријата*
*во физиономија на брзите здивкања*
*меѓу набоите на осветничките нозе*

*јас би од сè што ме наново раѓа ве доживеам*
*со наежени житници во мракот се протнувам*
*во апежни пени се ступкувам*
*кај ми се присенува биднината*
*со жедни сизифи*
*паки виднината во лелејски строфи*

## *БАТИНО*

на легендарниот револуционер од Битола Рафаел Батино

*сиот под ситите повеи збити*
*без глед без мигови на свесни сокови*
*и без снага ослободена од нуркања*
*заједен се игра со тропските морија*
*на врелите пориви*
*со дива сила со изгубен збор навлегува*
*во недостапни на заједенот полиња*
*вовлечен бунтар глувонема ека*

*во Мексички рудници полемички надоени*
*го губи роденденот на дените по дланите*
*со полни бурија горешници зборува помамно*
*лозата му збрложена под лакот на лачевините*
*од летината востаната закажува втренчен поj*
*пиj од неговата десница врз голоридица*
*од невозможен затвор составен незбор*
*ека безпадежна века*

*ги јазли струите ги множи струните на страста*
*во Сремска Митровица ги крева кијаметите на злоста*
*копа анали на избеглички канали*
*сиот век го растворува во клобрчав аманет*
*без пердуви останат се калеми во бунтот и ревот*
*по височините од страд и блад*
*загинува под viva la libertad составен*
*од шкрги гламници шапи и цутници*
*вовлечени во душата на поривните крести*

## *ЕСТРЕЈА*

**на народниот херој Естреја Овадја**

*илегалка со рев наумничав ги растворува*
*гајдите на еден луничав зов*
*пискотлив дека непредвидлив*
*ги растројува падежите на мирниот свет*

*од животец на колена упаѓа во голата болина*
*на залезот клет*
*што сплавот ѝ вовлечен во збратимени далги*
*а јазикот ѝ од скочанети алги множи*
*палави зрна под зерот на неразговетните плами*

*луѓе скрдени од неа скорнати напаѓачи*
*со чаши надигнати палачи на ковчиците*
*пените ѝ со очи на безграничен другар вртат ден*
*на Кајмакчалан врутат блен со ноздри од магма*

*постелата ѝ од истолчени треви —*
*ја построи десетината бранејќи ја отстапницата*
*загинува од врела на недоодни вреви*
*со жлезди загазени во ѓозби на голоридицата*

*растурете ѝ го збрчканото чело —*
*закажете од уплавосани срни*
*бал на височински длани по дело*
*во првопоследните неоткажани брани*

## *МУРДО*

на херојскиот пушкомитралезец Мурдо Нахмијас — Лазо

*во првите мигови на утрата рацете му трзат*
*прстите му растат да се докажат*
*усните да закажат показни залези*
*ползавецот се игра со визијата на недрата*
*тој идва од Белград локомотивен*
*од сè што ревен расте во стега*
*сенесто озвездена*

*расте да не подзапре свечената гложба*
*свлечена од бунтовните зеници*
*докај лудите искрици се играат со него*
*расте да зачукаат ранопојните визбици*
*со муза ползавица во предницата на Кајмакчалан*
*од Германците го дига митралезот на осветницата*
*за седумте илјада Евреи загинати браќа сестри другар*
*расте да мава со брзеци на душата*
*во предсмртни трпки расте да го оживи*
*сонцето во себе*

*се виело виело во пирот на запирот впиен*
*во недрата на подземјето збито*
*се веело од утробата на калемот свиен*
*во првите мигови на утрата*
*заритмени заповеди на завивот скрит*

*селници во него би се рекло постоиме*
*дека никогаш не бевме такви поети*
*како тогаш накренати адети*
*растеме под монсуните на неговото врело знаме*
*со пламе исплашено од себе растеме*
*што ни дреме остатокот на животецот*
*во единствената музика за преживување*

## *МАРТОВСКИ ВРШНИЦИ 1943*

*помнам —
сета руменина од изгубен свет
клета виновност —
сета виделина од скочанети фенери —
хаос по мувлата небесна*

*но тој од забните погледи што закажа бес
на папсани блатишта
со кои пеплишта ме здави*

*кај ме виде под сетните кавги на молежот
кој се од мене од нас сител
кој не ситнеел на ситни искри
докај грдоста на идниот грев длабеела
со надигнати крести на иднински јакчања
кој го накачувал сопствениот метеж
врз непрецизните ноздри*

*ај ситости на ослепени булуци
искатени од мартовските голденишта
кај сенката да си ја растворувам
рацете да си ги изгорувам
снагата да ја спепелувам
клекум вршници свлечени
и мене да ме поземат*

## *ПРЕД ЅИДОТ НА ПЛАЧОТ*

*испоснички рев ги растурува*
*гледите им височини на зов луничав*
*непредвидливи затоа молчаливи*
*потем се лулеат чиниш со растроени падежи*
*животецот им на колена во гола болина*
*а залезот клет*

*молитвените даги вовлечени во очните далги*
*ситниот мрмор ги множи потем ги скочанува*
*ситните алги во набожниот јазик*

*луѓе скрдени пред овој зид*
*со пораките на Аврам во усните*
*со законот на Мојсије во жилите*
*со гордоста на Соломон во ноздрите*
*чиниш сега скорнати напаѓачи*
*со чаши надигнати палачи на ковчиците*

*пените ги ситнеат виделата*
*магмата го врти денот загледан*
*во маховината израсната на овој ѕид*
*кој врути блен за идното спашавање*

*вртенчена гозба*
*освете им го збрчканото чело*
*од врело на добе недоодно*
*закажете им хор на оживуваните*
*меѓу заприродените страви*

## *14 МАЈ 1948*

По 2000 години на 14 мај 1948 година Евреите повторно се избориле за своето древно огниште

*не кршете го зборот на бесмртните угризи*
*млази се тоа копнеејќи*
*пласти на бришипросторот*
*без сомнеж — срцето не бара формула*
*за своите славја*

*ги прими под своите пазуви*
*ослободените од логорите — избеганите од задуви*
*инаку како да ги толкуваме молежните залези*
*на непокајаните молзници*
*кои од немуштите покази закажуваат*
*крстежи со немирните врлежи на гордоста*

*потајна реч прибира пијалоци*
*трошките на очите ги вжештуваат сувосаните дланки*
*осветените гранки на поривот полнострасно закажуваат*
*грамадење на височинските плами*
*тогаш кога не питомуваат*
*гласките на онасветските јавки*
*— шест милјона убиени ве гледаме од подземјето*
*— секоја вејка од шесте милјона садници*
*во шумата на непомирените маченици*
*во горите околу Јерушалаим ви јачка*

*кажи ни еднаш светла инвазијо каде избегале*
*несвесните пустини од пумпите*
*што толку гозбено ги напивнале*
*високите мостови на уздите*
*и каде тажните дини нестанале*
*пред суровиот настап на градините*

*та сега од помпезните вртежи на снагата*
*не можиме да ги задржиме рудите на затрчаните постели*
*кај празничната погача веќе не ни кажува збогум*
*уплашена од задгробните ергели на душата*

## СОДРЖИНА


Грев први — — — — 5
Ноах — — — — — — 6
Аврам — — — — — 7
Лот — — — — — — 8
Ќерките на Лот — — — 9
Дина — — — — — — 10
Моше — — — — — 11
На премин — — — — 12
Маана — — — — — 13
Од првата заповед — — 14
Жртвеници — — — — 15
Девора — — — — — 16
Јаел — — — — — — 17
Гидеон — — — — — 18
Шимшон — — — — — 19
Рут — — — — — — 20
Хана — — — — — — 21
Шемуел — — — — — 22
Шаул — — — — — — 23
Давид — — — — — 24
Од псалмот 18 — — — 25
Од псалмот 22 — — — 26
Шломо — — — — — 27
Од песна над песните I — 28
Од песна над песните II — 29
Од изреките на Шломо I — 30
Од изреките на Шломо II — 31
Последните денови на Јудејското кралство — — — 32
Езра — — — — — — 33
Нехама — — — — — 34
Јудита — — — — — 35
Естер — — — — — — 36
Мататја — — — — — 37
Јеуда Макаби — — — — 38
Јонатан Хасмонаи — — — 39
Шимон Хасмонаи — — — 40
Јов — — — — — — 41
Даниел — — — — — 42
Јона — — — — — — 43
Бар Кохба — — — — 44
Талмуд Јерушалим/ — — 45
Талмуд Балби — — — — 46
Јеме адин — — — — 47
Хазари — — — — — 48
Раши — — — — — — 49
Марани — — — — — 50
Хаздај бен Шапрут — — 51
Шемуел Анагид — — — 52
Јеуда Алеви — — — — 53
Мајмонидес — — — — 54
Рамбам — Барцелонска полемика — — — — — 55
Прогони — — — — — 56
Бајазит — — — — — 57
Погроми прогони покољи — 58
Крстоносни војни — — — 59
Спиноза — — — — — 60
Шабетај Цви — — — — 61
Баал Шем Тов — — — 62
Мозес Менделсон — — — 63
Хајне — — — — — — 64
Менделе Мохер Сфорим — 65
Драјфус — — — — — 66
Херцел — — — — — 67
600 погроми — — — — 68
Бјалик — — — — — 69
Фалаши — — — — — 70
Грозоморен обрач — — — 71
Залезни кругови — — — 72
Непоразени ветини — — 73
Со намножени славја — — 74
Јасеновац — — — — 75
Јасеновац — — — — 75
Батино — — — — — 76
Естреја — — — — — 77
Мурдо — — — — — 78
Мартовски вршници 1943 — 79
Пред ѕидот на плачот — — 80
14 мај 1948 — — — — 81